20252474821

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 54 став 2 и 56 став 1 точка 3, а во врска со член 70 и член 71 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/2016 и 171/2017 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019, 77/2021, 285/2021,60/2023, 154/2023, 209/2023 144/2025 и 154/2025), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 19 ноември 2025 година, донесе

ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОВЛАСТУВАЊАТА И НАЧИНОТ НА РАБОТА НА КОНТРОЛАТА НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Правилникот за овластувањата и начинот на работа на контролата на Фондот за здравствено осигурување („Службен весник на РМ“ бр. 105/2010, 33/2011, 29/2012, 47/2014 и „Службен весник на РСМ“ бр. 226/2020), во член 17 ставот 9 се менува и гласи:

„Известувањето за изречена договорна казна или едностране раскинување на договорот потпишано со квалификуван дигитален сертификат од претседателот на комисијата му се доставува на субјектот во електронска форма преку веб-порталот на Фондот и истото се смета за уредна достава. Од денот на испраќање на известувањето од страна на Комисијата по електронски пат, субјектот може да поднесе приговор во рок од 15 дена до директорот на Фондот.“

Член 2

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство, а ќе се применува по создавање на технички услови во информациониот систем на Фондот.

Бр. 02-26218/4
20 ноември 2025 година
Скопје

Претседател
на Управен одбор,
Дритан Даути, с.р.